*Treating and Controlling Head Lice*

Human Services
Peoplefirst

# Како да се постапува со вошки и контрола

Кога децата се на школо, многу семејства имаат контакт со вошки. Информациите што се дадени овде ќе ви помогнат да се ослободите од вошките и да ги контролирате во иднина.

## Заразување со вошки

Вошките ги има веќе со илјадници години. Секој може да добие вошки и познато е дека вошките патуваат од глава до глава без да разликуваат за чија глава се работи.

Вошките се мали инсекти без крила и цицаат крв од главата. Нивната боја е различна, од белузлава до кафеава и црвеникава до кафеава. Вошките живеат само кај луѓето. Ако се отстранат од главата, тие умираат многу брзо, обично во рок од 24 часа.

Луѓето добиваат вошки кога има директен **контакт на коса со коса** на друго лице кое веќе има вошки. Тоа може да се случи кога луѓето играат, се гушкаат или работат блиску еден до друг.

Вошките немаат крила и не скокаат, тоа значи дека не можат да прелетаат ниту пак да скокнат од една глава до друга. Тие можат само да ползат.

## Пронаоѓање на вошките

Многу вошки не предизвикуваат чешање, па затоа ќе треба **внимателно да ја прегледате** косата за да ги најдете.

Вошките може да се најдат во самата коса, затоа што тие се движат по главата за да се хранат.

Имаат шест нозе кои завршуваат со канџи, па ретко паѓаат од главата. Вошката снесува јајца, гниди (nits) на оддалеченост од 1,5 сантиметар од главата, гнидите се цврсто залепени за косата. Тие личат на првут, но не можат да се истресат од влакното.

Вошките ползат и се кријат во косата. Најлесен начин да се пронајдат е да се следат следните чекори:

**Прв чекор** Исчешлајте ја косата со било кој вид средство за омекнување на косата (hair conditioner) **на суво, замрсената коса исчеткајте ја со четка**. Тоа ги омајува вошките, па тешко им е да се залепат за косата и да се движат наоколу.

**Втор чекор** Сега исчешлајте ја косата со ситен чешел за вадење вошки (head lice comb).

**Трет чекор** Избришете го средството за омекнување на косата од чешелот врз крпа од хартија (paper towel) или книжно шамиче (tissue).

**Четврт чекор** Погледнете на книжното шамиче или на чешелот за да видите дали останале вошки или јајца.

**Петти чекор** Повторете го чешлањето во секој дел од главата 4-5 пати.

Ако се пронајдат вошки или јајца, во тој случај косата на детето треба да се ослободи од нив.

Ако главата на детето пред скоро време била чистена од вошки и најдете само празни јајца, тогаш не мора да го повторувате лекувањето, затоа што јајцата се празни од претходното лекување.

## Јајца на вошки

Јајцата на вошките се мали (отприлика големи како глава на шпенадла) и долгнавести. Живото јајце ќе пукне кога ќе го згмечите меѓу ноктите.

Мртвите јајца се сплескани, а изведените јајца личат како мали варени јајца со потсечено врвче.




За да може постапката да биде што подобра, отстранете колку што може повеќе јајца.



State Government Victoria

## Чешел за вошки во главата

Чешли со долги заоблени запци од челик што не дрѓосува, запците се наредени многу густо еден до друг, таквите чешли се ефикасни, меѓутоа, може да се користи и било кој друг ситен чешел за вошки.

## Постапка

Погрижете се да ги отстраните вошките, не е утврдено дека е потребно да се исчисти куќата или училницата.

Производите за чистење на вошки од главата треба да се стават врз сите делови на косата и главата.

Со едно чистење не се убиваат сите јајца, па затоа треба чистењето на вошките да се повтори после 7 дена.

Целта на првото чистење е да се убијат сите вошки, второто чистење е да се убијат вошките што се извеле во текот на идните 6 дена.

Покријте ги очите на лицето, на пример со крпа, додека го мачкате средството за чистење.

Ако користите лосиони, ставајте ги врз сува коса.

Ако користите шампони против вошки, намокрете ја косата, но користете што помалку вода.

Мачкајте ја косата што поблиску до главата, користејќи обичен чешел за да ја опфатите косата од коренот до врвот. Повторете го ова неколку пати се додека е изнамачкана целата коса.

Ако одберете да не користите инсектицид, тогаш средството за омекнување коса (conditioner) и чешлањето може да ги кроистите секој втор ден, се додека не може да се најде повеќе ниту една жива вошка после десет дена.

Нема потреба целата фамилија да се подложува на чистење, освен ако и тие не префатиле вошки.

Само навлаката за перница треба да се испере на посебен начин; или во врела вода (барем на 60ºЦ, или исушете ја во сушалка за алишта, наместете го регулаторот на жешко или топло.

## Животот на вошката

Латинско име на вошката: *Pediculus humanus capitis*



## Проверка на отпорноста

Производите за вошки во косата спаѓаат во една од следните групи, зависно од активната состојка што ја содржат:

Пиретрин

Синтетички пиретроиди (перметрин и биоалетрин)

Органофосфати (малдисон или малатион)

Растителни, со или без природен (нехемиски) пиретрин.

Отпорноста кон средствата за уништување инсекти е честа кај вошките, па затоа треба да проверите дали после чистењето на вошките тие умреле. Ако умреле, тогаш повторете ја постапката со истиот производ после седум дена. Ако вошките не умреле, тоа значи дека постапката не била успешна, вошките се отпорни на производот и на сите производи што ја содржат истата активна состојка. Измијте го производот и повторете ја постапката колку што може поскоро со друго средство кое содржи друг вид активна состојка. Ако средството за уништување инсекти дејствувало, вошката ќе умре во рок од 20 минути.

Производот за вошки во косата може да предизвика реакција и затоа треба внимателно да го користат жени кои се бремени или дојат деца, деца на возраст под 12 години и луѓе кои имаат алергии, астма или отворени рани.

Ако не сте сигурни, ве молиме проверете кај вашиот аптекар или лекар.

## Спречување на вошки

Нема ниеден производ што може да спречи да се појават вошки. Може да помогне ако користите средство за омекнување на косата и чешел за да проверувате дали има вошки и да ги откриете рано, па така проблемот да биде помал. Ако косата е долга, може да ја врзете, па така ќе спречите ширење на вошките.

## Прописи

Според здравствените прописи (вошките се сметаат за заразна болест) децата кои имаат вошки не треба да одат во школо, дневен престој или јасли се додека трае постапката за чистење на вошките. Детето што има вошки може да се лекува една вечер, да се врати на школо идниот ден, па дури и ако има и некои јајца во косата.

## Натамошни информации

Информациите во овој памфлет се приготвени според истражувањата што ги вршеа и запишаа редовните професори Рик Спир и тимот на истражувачи на Факултетот за јавно здравје и тропска медицина, Универзитет Џемс Кук. Нивното место на интернет е:

http://www.jcu.edu.au/school/phtm/PHTM/hlice/hlinfo1.htm

Следните места на интернет имаат натамошни информации:

http://www.dhs.vic.gov.au/phb/headlice/index.htm

Приготвено од Државниот оддел за општествени служби во Викторија, јануари 2001 г. (0500101)